Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 10.03.2022 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.03-73 од 09.03.2022 година за писмено укажување до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 61 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата, врз основа на констатациите од Писмениот извештај бр.10-893/1 од 03.03.2022 година, за извршен вонреден програмски надзор реализиран по допис со барање за објаснување од Народниот правобранител-подрачна канцеларија Кичево (бр.03-762 од 24.02.2022 година) и во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година, го прифати извештајот од надзорот и донесе заклучок на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предмет на саморегулација и Законот не предвидува казнени одредби.

3. Се задолжува Секторот за програмски работи да го изготви писменото укажување.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-915/2

10-03. 2022 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ